# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 30 Јануари 2026 година<br>Скопје<br>Бр.1 Год. XXI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**

*Содржина:*


1. Заклучок за усвојување на Годишна Информација за работата на ОС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2025 година ........................................стр.2
2. Одлука за ослободување за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба и надградба на објектот на ООУ „Страшо Пинџур“ Општина Ѓорче Петров ........................................стр.4
3. Програма за работа на советот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година ........................стр.6
4. Одлука за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје ........................................стр.18
5. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за вршење стручно-административни работи и издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење дејност надвор од деловен простор ........................................стр.20
6. Одлука за давање согласност за преземање административен службеник ...................стр.23
7. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари-информатичко-комуникациска опрема ........................................стр.25


**Јануари 2026 годин**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна Информација за работата на ОС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2025 година

Се објавува заклучокот за усвојување на Годишна Информација за работата на ОС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/1**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 25 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22) и член 16 став 1 точка 28 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.01.2026 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишна Информација за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров ја усвои Годишната Информација на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-144/2**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за ослободување за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба и надградба на објектот на ООУ „Страшо Пинџур“ Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за ослободување за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба и надградба на објектот на ООУ „Страшо Пинџур“ Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/2**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и чен 97 став 10 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ослободување за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба и надградба на објектот на ООУ „Страшо Пинџур" Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Ѓорче Петров Скопје, се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба и надградба на објектот на општинското основно училиште „Страшо Пинџур" Општина Ѓорче Петров кој се наоѓа на КП.број 2316/1, КП.број 2322/1 и КП.број 2320/2, КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец, на ГП 1.1 Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница Даме Груев-УБ-2 Општина Ѓорче Петров донесен со одлука на советот на Општина Ѓорче Петров број 07-676/3 од 17.03.2009 година.

### Член 2

Инвеститорот Општина Ѓорче Петров, целосно се ослободува од надоместокот за уредување на градежно земјиште.

### Член 3

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши инвеститорот Општина Ѓорче Петров.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-144/3**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за работа на советот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2026 година**

Се објавува програмата за работа на советот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/3**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Р.С.М. бр.202/24), член 16 став 1 точка 13 од Статутот на општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 8/2023) и точка 139 од Деловникот за работа на советот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 12/06), советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## за работа на советот на Општина Ѓорче Петров
## за 2026 година

### I. Период Јануари - Март

1. Предлог-Програма за работа на советот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година; (м.јануари);

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одд. за нормативно-правни работи и работа со Совет**

2. Извештај за извршување на Буџетот за 4-то тромесечие од 2025 година (во текот на месец февруари);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

4. Годишен Извештај за реализација на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година (период 01.01.-31.12.2025 година) до 15-ти март;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

5. Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година (до 15-ти март);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

6. Разгледување и усвојување на Годишни извештаи за реализација на програми усвоени од советот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година (до 31-ви март);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за нормативно правни работи, општи работи, јавни набавки и работа со Совет, Сектор за**

**урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

7. Предлог- Одлука за донесување на Изменување и дополнување на УПС НОВО СЕЛО, Блокови 2.14 и 2.16

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

8. Предлог - Одлука за донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 21

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

9. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 06:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

10. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 24 БЛОК СЗ24.01, БЛОК СЗ24.02 И БЛОК СЗ24.04

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

11. Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на повеќе градежни парцели од една поголема градежна парцела од ГП 11.7 од ДУП за градска четврт СЗ 03 (Одлука бр.07-4609/7 од 12.11.2014год.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

12. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;

**Предлагач: Комисија за урбаниза**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

**II . Период Април - Јуни**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот I-квартал (период 01.01.- 31.03.2026 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**

2. Предлог-Енергетски План на Опшштина Ѓорче Петров за 2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**инвестиции и комунални дејности**

3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 05 Блок СЗ 05.01;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**инвестиции и комунални дејности**

4. Предлог - Одлука за Донесување на Изменување и дополнување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 03 БЛОК 8;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

5. Предлог - Одлука за донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 14;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

6. Предлог - Одлука за донесување на Изменување и дополнување на УПС ОРМАН Блок 2;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

7. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 27 Блок СЗ 27.07;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

8. Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на повеќе градежни парцели од една поголема градежна парцела од ГП 11.7 од ДУП за градска четврт СЗ 03 (Одлука бр.07-4609/7 од 12.11.2014год.;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

9. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;

**Предлагач: Комисија за урбанизам**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестици и комунални дејности**

**III. Период Јули – Септември**

1. Предлог -Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 13 Блок СЗ 13.05;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

2. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 25:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 15 Блок СЗ 15.03:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

4. Предлог - Одлука за Донесување на ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС НОВО СЕЛО , разработка на Блок Б2.26:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

5. Предлог- Одлука за донесување на УПС ЗА СЕЛО ВОЛКОВО

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

6. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 12;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и Комунална дејност**

7. Предлог -Одлука за донесување на програма за поставување на урбана опрема;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и Комунална дејност**

8. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;

**Предлагач: Комисија за урбанизам**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и Комунална дејност**

9. Предлог-Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2026 година;

**Предлагач: Комисија за образование, наука,социјална, здравствена и заштита на деца**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

10. Квартален Извештај за извршување на Буџетот II-квартал (период 01.01.- 30.06.2026 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

11. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Мирче Ацев“ за учебната 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Мирче Ацев**

12. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Ѓорче Петров**

13. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“ за учебната 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Димитар Поп Г.Беровски**

14. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Страшо Пинџур**

15. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Јоаким Крчовски**

16. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

17. Извештај за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за периодот 2025/2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ЈОУДДГ„ Росица“**

18. Предлог -Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Мирче Ацев“ за учебната 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

19. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

20. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ за учебната 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

21. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

22. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

23. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

24. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за период 2026/2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

25. Предлог-Одлука за доделување Годишна награда „Ѓорче Петров“ во 2026 година;

**Предлагач: Комисија за спорт, млади, награди и признанија**

**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

**IV. Период Октомври - Декември**

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот III-квартал (период 01.01.-30.09.2026 година) (месец октомври);

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Сектор за фин. прашања**

2. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 27 Блок СЗ 27.01, Блок СЗ 27.02, Блок СЗ 27.03, Блок СЗ 27.04, Блок СЗ 27.05 и Блок СЗ 27.06;

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 09 ;

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

4. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 05 (БЛОКОВИ СЗ 05.02, СЗ 05.03, СЗ 05.04, СЗ 05.05);

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Сектор Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

5. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 01;

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

6. Предлог - Одлука за Донесување на Изменување и дополнување УПВНМ Веле Поле - Блокови 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14;

**Предлагач: Градоначалник**

**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Инвестиции и комунални дејности**

7. Предлог - Одлука за Донесување на Изменување и дополнување УПВНМ КЛУЧКА СТОПАНСКИ ДВОР УЕ А,УЕ Б-БЛОК 6 И УЕ В;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

8. Предлог - Одлука за Донесување Програма за поставување на времени објекти;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

9. Предлог-Одлука за Донесување Програма за изведување на спортски игралишта;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Инвестиции и комунални дејности**

10. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;

**Предлагач: Комисија за урбанизам**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

11. Предлог-Програма за одбележување настани на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за јавни дејности**

12. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров за поддршка на градоначалникот за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за јавни дејности**

13. Предлог-Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита во Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

14. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2027 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

15. Предлог-Програма за активностите од областа на спортот, рекреацијата и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2027 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

16. Предлог-Програма на Општина Ѓорче Петров од областа на основното образование за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

17. Предлог-Програма на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

18. Предлог-Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

19. Предлог-Програма за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

20. Предлог-Програма за заштита на животна средина и природата на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

21. Предлог-Програма за поддршка на Локален економски развој на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

22. Предлог-Програма за одржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

23. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република С. Македонија на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

24. Предлог-Програма за заштита од штетно дејство на водите на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

25. Предлог-Програма за заштита, спасување и управување со кризи на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за нормативно правни работи, општи работи, јавни набавки и работа со Совет**

26. Предлог-Програма за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

27. Предлог-Измена и дополна на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година (Ребаланс);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

28. Предлог-Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта во Општина Ѓорче Петров за 2026 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

29. Предлог-План на програми за развој кои стануваат составен дел на Предлог Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2027 година (најдоцна до 15 ноември);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектори**

30. Предлог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

31. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

32. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

33. Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2027 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Совет**

Програмата е отворена и во текот на годината може да се дополнува со нови точки.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-144/4**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува одлуката за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/4**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002 и Сл.весник на Република С.Македонија бр.202/24), член 114 став 10 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М.“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Службен Весник на Р.С.М.“ 104/19, 146/19, 27/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 30.01.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А

## за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје

**Член 1**

За претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица“–Општина Ѓорче Петров-Скопје од редот на родители, се именуваат:

- Нада Велкова, претставник во советот на родители од објектот „Калинка“ во ЈОУДГ „Росица“ и
- Биљана Паунковка Николовска, претставник во советот на родители од објектот „Детелинка“ во ЈОУДГ „Росица“

За претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка„Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје, од редот на вработените на установата, се именува:

- Ана Серафимовска Ризова, вработена во установата на работно место–Доктор на медицина.

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“, број 08-2342/5 од 19.12.2022 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 17/2022).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-144/5**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за вршење стручно-административни работи и издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење дејност надвор од деловен простор**

Се објавува одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за вршење стручно-административни работи и издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење дејност надвор од деловен простор, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/5**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24), член 3 и 4 од одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.7/23), а во врска со член 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на Република македонија бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24), советот на општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 30.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за вршење стручно административни работи и издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење дејност надвор од деловен простор

### Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за вршење стручно административни работи и издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење дејност надвор од деловен простор, а со цел поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со закон, за остваруивање на заедничките интереси и цели преку вршење на стручно-административни работи и издавање на одобренија за поставување на комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема и издавање на одобренија за вршење на угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, од страна на Град Скопје во име и за сметка на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров надлежноста (меѓуопштинската соработка) утврдена во член 1 на оваа Одлука, се извршува на начин утврдена со одлуката.

Меѓуопштинската соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров се извршува за времетраење на правната важност на оваа Одлука.

### Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор со градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, со кој поблиску ќе се уредат следните прашања:

- Начин и условите за вршење на стручно-административните работи и издавање одобрение за поставување на комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска,
  трговска и занетчиска дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Општина Ѓорче Петров од страна на Град Скопје во име и за сметка Општина Ѓорче Петров;
- Начинот и условите за распределба на финансиските средства од комуналната такса;

- Времетраење на вршењето на заедничката надлежност (меѓуопштинска соработка);
- Начинот и условите за престанок на договорот и
- Други прашања од интерес на заедничкото вршење на заедничката надлежност (меѓуопштинска соработка).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-144/6**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање согласност за преземање административен службеник**

Се објавува одлуката за давање согласност за преземање административен службеник, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/6**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр.202/24) и член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 302/20, 208/24 и 210/24), советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница, одржана на 30.01.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за давање согласност за преземање административен службеник

**Член 1**

Се дава согласност на Општина Ѓорче Петров за пополнување на работно место Овластен комунален инспектор со звање советник инспектор и шифра на работно место ИНС 01 01 В01 001 во Одделение за инспекциски работи, 1 (еден извршител), преку трајно преземање од Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2026 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-144/7**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари-информатичко-комуникациска опрема**

Се објавува одлуката за пренесување на правото на сопственост на движни ствари-информатичко-комуникациска опрема, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на советот, одржана на ден 30.01.2026 година.

**Број 02-215/7**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точк 10 и 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република македонија број 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија број 202/24) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст(Службен гласник на Општина Ѓорче Петров беој 8/23) , советот на Општина Ѓорче Петров на 6 -тата седница одржана на 30.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на правото на сопственост на движни ствари информатичко-комуникациска опрема**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост на движни ствари-информатичко-комуникациска опрема која се состои од 16 (шеснаесет) персонални дестоп компјутери, марка „Lenovo“ во вредност од 629.950,00 денари со пресметан ДДВ, набавена од страна на Општина Ѓорче Петров во постапка за јавна набавка за потребите на општинските основни училишта.

**Член 2**

Движните ствари опишани во член 1 од оваа Одлука, се пренесуваат во сопственост на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Општина Ѓорче Петров, без надоместок.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-144/8**
**од 30.01.2026 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**